**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО**
**НА ММИ**
**за 2013 година**

Организацијата за колективно управување со правата на уметниците музички изведувачи и произведувачите на фонограми ММИ Скопје, во изминатата година врз основа на Законот за авторското и сродните права работеше на задачите за остварување на правата на уметниците музички изведувачи и правата на произведувачите на фонограми. Динамиката на обврските на Организацијата беа поделени во неколку сектори и се одвиваа во континуитет и според приоритетите.

Во првите месеци на 2013 година ММИ се соочи со жестока реакција од страна на неколку поголеми електронските медиуми во државата. Организацијата во средствата за јавно информирање беше сосема погрешно претставена, а сето тоа со цел да не ја извршат својата обврска за плаќање од користењето на фонограми и изведби кон носителите на правата.

На 21.01.2103 година во организација на ММИ во Скопје се одржа регионална конференција на повеќето сродни организации на изведувачите од соседните држави. Неопходна беше потребата од размена на слични искуства со нивните делегирани претставници. Се покажа дека праксата за воспоставувањето на почитувањето на Законот за АПСП во однос на заштитата на правата на изведувачите и продуцентите е комплициран и макотрпен процес и дека тој на некој начин е дел од работата на секоја таква организација. На крајот од средбата се одржа прес конференција со медиумите во РМ. Тоа беше добра прилика јавноста да дознае дека ММИ не е „мала група на граѓани која сака да остварува лични интереси“, туку дека организацијата претставува и припаѓа во еден светски систем на организации кои работат со точно определена цел, а тоа е заштитата на правата на оние на кои тие права им припаѓаат, а тоа се уметниците музички изведувачи и произведувачите на фонограми.

Министерството за култура зазеде став дека проблемот е во постоечкиот ЗАПСП и дека тој ќе мора да подлегне на измени и дополнувања.

Во таа малку посмирена атмосфера стручната служба на ММИ по зададените задачи од Управниот Одбор продолжи да работи со корисниците според важечката тарифа и дополнителните одлуки што ги донесе Собранието на ММИ.

На 26.09.2013 година во Скопје во организација на ММИ се одржа регионална средба на здруженијата на фонограмските продуценти со учество и на претставници од IFPI, асоцијацијата на сите здруженија на продуцентите од целиот светот, како и претставници од големите светски продуцентски куќи како што се: Universal Europe, Warner Brothers, Sony Music и неколку регионални компании. На таа конференција се покажа дека Македонија е значаен сегмент во работата на заштитата на правата на продуцентите. Секако, ќе треба уште многу да се работи за да се постигнат стандардите од регионот и уште повеќе стандардите кои важат во светот. За жал на конференцијата не бевме удостоени со присаство од повеќето македонски продуценти и претставници на Владата на РМ задолжени за спроведување на заштитата на интелектуалната сопственост.
По завршувањето на средбата се одржа прес конференција за медиумите во РМ.

ММИ нема да сопре со активностите околу запознавање на јавноста со суштината на правата на продуцентите и изведувачите и неминовноста од регулирање на тие права онака како што е според ЗАПСП.

По усвојување на измените и дополнувањата на ЗАПСП од страна на Собранието на Република Македонија во октомври 2013 година Стручната служба на ММИ во соработка со адвокатска канцеларија на адвокат Дори Кимова започна со припремите за измени во актите на организацијата. Повторно се работеше на измените на Правилникот за користење со Тарифата, измени во Статутот на Организацијата и Правилникот за распределба.

Односи со:

**КОРИСНИЦИ**

Праксата покажа дека преговорите тешко одат и дека мораше да се настапи со одредени попусти на вредностите дефинирани во Тарифата на ММИ. Во почетокот на 2013 година се обидовме со попуст од 50%, но тој како таков не наиде на пошироко разбирање. По совет од колегите од здруженијата во регионот со одлука на Собранието на ММИ ја воведовме долната граница за наплата кон сите корисници и таа за 2013 година, за секоја категорија на корисници посебно изнесуваше 30% од вредностите наведени во Тарифникот.

ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ СО ТАРИФА

Согласно измените на ЗАПСП утврдената постапка за донесување на Тарифата, Предлог Правилникот за користење со Тарифата овој пат беше објавен како јавен повик на веб страната на ММИ и во два дневни пишани медиуми. На таков начин се побара од сите корисници да се произнесат по Предлог тарифата.

Во законскиот рок од 30 дена свои мислења доставија: Стопанската Комора на Република Македонија, Групацијата на приватните национални телевизии (Сител, Канал 5, Алсат, Телма и Алфа) и кабелските оператори (Македонски Телеком, Оне и заедницата СИЗ МК НЕТ).

Стручната служба на ММИ ги разгледа мислењата и со одлука на Управниот Одбор изврши промени во тарифата и како Предлог Правилник со Тарифа го достави до Комисијата за посредување при Министерството за култура. Во законски пропишаниот рок Комисијата одговори со свои предлози и мислења, воглавно со препораки за намалување на вредностите и износите на скоро секој тарифен број. Во рок од 10 дена Управниот Одбор донесе одлука со која беа прифатени сите препораки од Комисијата. Предлог Правилникот за користење со Предлог Тарифата сега е во Владата на РМ и според измените и дополнувањата на ЗАПСП се чека на конечниот одговор. Се дотогаш на сила е важечката Тарифа на ММИ од 2012 година.

РАДИОДИФУЗЕРИ

**Македонска радио телевизија МРТ**

Преговорите со одговорните лица во МРТ не се остварија, поради нивното игнорирање за регулирање на односите со ММИ. Испоставени беа фактурите за првите 6 месеци и вторите 6 месеци од 2013 година. Врз основа на уредно водената документација стручната служба на ММИ мораше да ја активира процедурата за присилна наплата. Игнорирањето на нотарското решение со кое се дозволува извршување, доведе до тоа да предметот за јавниот сервис -Македонска Радио и Телевизија, да се решава преку надлежниот Суд.

**Радио станици**

Стручната служба на ММИ има потпишано поединечни договори со 12 радио програмски сервиси од сите категории на корисници. Комуникацијата беше редовна и со ноколкумина од останатите кои, иако немаат потпишано договори, редовно го плаќаат својот долг.

Евиденцијата на емитувани фонограми и изведби (плеј листи) иако претставува обврска на секој радиофузер се доставуваше од многу мал број од радио програмските сервиси и врз основа на тие плеј листи и од пристигнатите соодветни уплати ќе се врши распределбата.

**Телевизии**

Во планот за 2013 година се предвидуваше да се остварат преговорите и да се потпишат поединечни и општи диговори со 65 телевизиски програмски сервиси во РМ. Голем број од контактите не се оствариja од причина што одговорните лица не сакаа да воспостават контакт со претставниците на ММИ, повикувајќи се на изјави на некои службени лица од Министерството за култура кои ги советуваа дека не се должни да плаќаат кон ММИ додека не се донесат измените и дополнувањата на ЗАПСП. Врз основа на така поставените односи помеѓу корисниците и организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и музичките изведувачи и врз основа на важечката Тарифа, стручната служба беше приморана на голем број од ТВ сервисите во РМ да им достави нотарски решенија со кои се дозволува извршување за неплатени долгови врз основа на доставени фактури. Од вкупниот број, 34 предмети се во нотарска процедура и голем дел од нив најверојатно ќе имаат судска завршница.

**Сателитски телевизии**

Состојбата со сателитските телевизиски програмски сервиси е многу слична со претходната категорија, така да ММИ ја воспостави истата процедура.

**Кабловски оператори**

Кај кабловските оператори состојбата е многу подобра. Главниот оператор **Македонски телеком** меѓу првите потпиша договор со ММИ и веднаш започна со многу прецизна и ефектна соработка во смисол на евиденција и редовност. Наплатата е во континуитет и се надеваме дека така ќе продолжи и понатака. Односите со кабелскиот оператор - **Оне** се исто така во добра релација и се надеваме дека така ќе продолжат. Кабелскиот оператор **Близу** ги прифати сите понудени опции на преговорите кои зеднички се водеа со претходните два оператора но реализацијата е на многу ниско ниво. Таквата состојба се должи на неодговорната политика на одговорните лица во таа компанија. Во процедура е нотарско решение со кое се дозволува извршување. Исто така, во тек се преговори со асоцијацијата на останатите кабелските оператори СИЗ МК НЕТ на кои им е понуден предлог-договор. Во усмените преговори истите ги прифатија веќе остварените договори со Телеком и Оне. Истите принципи  се содржани и во договорот кој го предложи ММИ.

-УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

Преговорите со Стопанската комора на македонија која ги застапува интересите на голем број од корисници од оваа категорија се прекинати еднострано од страна на Комората. Се одржаа две средби на кои ги приближивме ставовите и се претпоставуваше дека веќе на наредната средба ќе постигнеме општ договор, кој ќе важеше за сите нивни членови. Но од необјаснети причини и покрај испратените три поканани од страна на ММИ за трета средба со претставниците на Комората одговор не добивме. На тој начин се потроши драгоценото време од речиси 5 месеци.

Втората по големина асоцијација, Сојуз на Стопански Комори на РМ ги игнорираше сите наши покани за одржување на средба.

**Угостителски објекти за сместување**

Затоа ММИ започна со поединечно обраќање до сите корисници од овие категории така што достави писмено известување до сите угостителски објекти за сместување (вкупно 180; хотели, мотели, ноќевалишта .....) во кое ги повика вршителите на оваа дејност самите да го пријават користењето на фонограми во угостителските објекти со кои стопансиуваат, при што истите треба самите да ги достават податоците врз основа на кои се утврдува висината на надоемтсокот. Досега одзивот е задоволителен.

**Угостителски објекти според тарифни броеви 8, 9 и 10**

Оваа категорија на корисници е најмасовна, и одзема многу време за реализација на контактите, евиденцијата и наплатата. Процесот на пронаоѓање на веродостојните податоци за правните субјекти кои стојат позади овие угостителски објекти е многу тежок од причина што евиденцијата во УЈП не се ажурира редовно, а Пазарната инспекција по писмен пат не извести дека немаат електронска евиденција на истите, па според тоа не можат да ни одговорат на барањето.

За таа цел ММИ потпиша договор со агенцијата Глобал Мјузик Рекордс кој има задача да на терен изврши перцепција на овој вид на корисници. Во организација на ММИ се одржа краток курс на кој експерти од словеначката стручна служба ја спроведоа потребнота обука на кадарот за перцепцијја во Глобал Мјузик Рекордс.

-ТРГОВСКИ И ДРУГИ РАБОТНИ ПРОСТОРИИ

Преговорите со големите супермаркети како што се Тинекс, Скопски пазар, Веро, Трговските ланци Фешн Груп и други започнаа и се водеа преку целата измината 2013 година. Исходот на овие преговори засега е незадоволителен, договори не се потпишаа. За сите овие се применува важечката Тарифа, при што висината на надоемстокот се пресметува врз основа на податоците со кои ММИ располага. Ф-ри ќе се испоставуваат на месечно или тромесечно ниво. Против корисниците на кои им е испоставена ф-ра ќе се поведе постапка пред нотар. Се очекува дека во најголем дел корисниците ќе приговараат на Нотарските решенија, што значи дека процедурите ќе продолжат пред суд. По тој повод во 2014 година се очекуваат реакции кои најверојатно ќе доведат до регулирање на односите со ММИ.

Некои асоцијации на корисници од овој тип, како што се ИТХР, Бебел Тојс и Просветно Дело потпишаа договори со ММИ и редовно ги уплаќаат испоставените фактури.

## ЧЛЕНСТВОТО НА ММИ

Секторот при стручната служба кој ја води регистрацијата на носителите на правата, ќе продолжи са активна работа со цел на анимирање и зголемување на членството на ММИ, како од редот на произведувачите на фонограми, така и од редот на уметниците музички изведувачи.

Состојбата со бројот на членови на ММИ:

| | |
|---|---|
| на 01.01.2013 година е следна: | изведувачи 82<br>продуценти 22 |
| на 01.01.2014 година: | изведувачи 218<br>продуценти 64 |

## РАСПРЕДЕЛБА

Во согласност со законска обврска, ММИ донесе нов Правилник за распределба, со кој ги утврди принципот и правилата врз основа на кои ќе ја врши распределбата на прибраните надоместоци. Овој процес претпоставува пријавување на фонограмите и изведбите од страна на носителите на правата, како и доставување на евиденции на емитувани дела од страна на радиодифузните друштва. За оваа цел, на крајот на годината ММИ достави допис до сите радиодифузни друштва во РМ со укажување на обврската за доставување на евиденции за емитувани дела.

Распределбата беше направена за оние фонограми и снимени изведби за кои ММИ има податоци во својата база и притоа по извршената пресметка се дојде до констатација дека износот на паричниот надоместок за носителите на права е мал, односно толку мал што трошоците за нивното уплаќање ќе бидат поголеми од самата уплата.

## СОФТВЕР

Според измените и дополнувањата на ЗАПСП неопходно е ММИ да набави и ситем за евиденција на емитуваните фонограми и снимени изведби и во законски рок да го инсталира софтверот кај сите радиодифузни друштва во РМ. За таа цел ММИ потпиша договор со софтверската куќа Грид Системи од Скопје која веќе работи и на изготвување на програмите преку кои ќе се води евиденцијата на емитувани фонограми и снимени изведби и ќе се воспостават базите на податоци од кои ќе се изработува распределбата.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Поради големиот притисок што го наметнаа поголемите корисници врз јавноста и институциите одговорни за АПСП при Владата на Република Македонија се наметна потреба во 2013 година ММИ да обезбеди агенција која во доменот на односите со јавноста ќе делува континуирано и плански со цел ефектите од таква негативна кампања бидат амортизирани. Затоа ММИ во октомври 2013 потпиша договор со ПР агенцијата Тотал Медиа Центар. Ефектите веднаш се почуствуваа. Кон ММИ денес се гледа како на респектибилна организација која работи во согласност со Законот и која ужива доверба од носителите на правата. Корисниците полека стануваат свесни дека обврските што им ги налага ЗАПСП мора да се почитуваат, што во крајна линија доведува до порелаксиран начин на однесување.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Комуникацијата на ММИ со Министерството за култура на Република Македонија како орган под чија капа и надзор е колективното управување на авторското и сродните права е во континуитет. За секоја облигаторна и позначајна активност ММИ доставува соодветни дописи до Министерството, одговара на нивните барања и постапува согласно нивните упатства и препораки.

27.03.2014

Струшна служба на ММИ

Извршен директор

Бодан Арсовски